# Потсетници

Опцијата з а креирање на потсетници по пациент е присутна во Prima MEDICA подолго време при што лекарите имаат можност за секој пациент да креираат потсетник кој при следната посета на паиционтот се појавува п оотворањето на неговото досие. Во оваа верзија е додадено дополнување на оваа функционалност, со цел да се прошири доменот на употреба на опцијата.Како

што ви е веќе познато, потсетниците за пациентите се внесуваат преку следната форма:




*Слика 1: Пристап до потсетници*

За креирање на нов потсетник кликаме на копчето **F5**. Дополнување во оваа форма е изборот за тип на потсетник кој сега овозможува да избереме дали сакаме да ни се појавува нотификација при отварање преглед за пациентот или при статрт на програмата Прима Медика.

Втората опција овозможува на пример при старт на апликацијата да се појави информација на кои пациентиим истекува боледувањето и истото треба да им се продолжи. Според формата што се

отвара ги потполнуваме полињата Назив, избираме Тип на потсетник, Од датум (датум од кога да биде активен потсетникот), Опис. За потсетникот да биде активен, полето Активен мора да биде селектирано. Се додека потсетникот е активен, тој ќе се појавува секогаш кога ќе се отвори картонот на пациентот во формата за прегледи или на почетокот на старт на програмата, во зависнот од избраниот тип. Доколку полето Активен не е селектирано или се одселектира, потсетникот нема да се прикажува.




*Слика 2: Потсетници*

Опцијата за поставување потсетник исто така е додадена да може да се активира и во формата за боледување. Се пристапува до истата форма каде што можеме да внесеме и потсетник во однос на боледувањата за избраниот пациент. Со тоа е овозможен полесен пристап до опцијата во контекст на поставување потсетници кои се однесуваат за боледувањата на пациентите.